Бр./Nr 12-244/2
01-07-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-вата седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-244/1 од 18.01.2022 година, против лицата ----------------- и --------------------- од Гостивар, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-244 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, ------------------ од Гостивар на ден 18.01.2022 година, поднесена е пријава лицата -------------------- и неговата сопруга ------------------ од Гостивар и оформен е предмет број 12-244 од 2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведените лица против кого е поднесена пријавата, купиле куќа со договор за купопродажба од таткото на пријавителот, по одреден износ кој е наведен во договорот. Пријавителот наведува дека има информација дека при купопродажбата биле платени дополнителен износ на средства и тоа на рака.

Пријавителот бара ДКСК да изврши контрола и да утврди од каде им се средствата со кои ја платиле куќата, бидејќи како што наведува, лицата ------------------ и неговата сопруга -------------------- не биле вработени, туку дека единствено заработувале од мала продавница.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавените лица не се службени лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека основ за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:м-р. К.З.
Одобрил: м-р В.Г.член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk